РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 10-1919/2
06-09-2021 година
Скопје

Врз основа на член 12 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје(Универзитетски гласник бр. 417/2019) одел III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2021/2022, а во врска со приговорот поднесен од Ивана Николов бр. 10-1919/1 од 6.9.2019, Конкурсната комисија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2021/2022 на ден 6.9.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

по приговор бр. 10-1919/1 од 6.09.2021 година поднесен од Ивана Николов

1. ПРИГОВОРОТ на Ивана Николов бр. 10-1919/1 од 6.9.2021 година со пријава бр. 88469 за проверка и корекција на вкупниот бодови во прелиминарната листа за упис на студиската програма стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет - Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

***Образложение***

Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет – Скопје согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје во учебната 2021/2022 година на 3.09.2021 година објави прелиминарна листа на пријавени кандидати за упис на Факултетот со вкупен број на остварени бодови. Кандидатот Ивана Николов вложи навремен приговор во кој наведува дека е направен технички пропуст при пресметување на бодовите објавени во прелиминарната листа. Конкурсната комисија на 6.9.2021 година го разгледа приговорот и утврди дека истиот не може да биде усвоен бидејќи не констатираше никаков пропуст при пресметка на бодовите. Комисијата изврши повторна и детална проверка на сите параметри кои влијаат врз пресметка на бодовите и утврди дека истите се точно внесени, па го потврди бројот на бодови кој е објавен на прелиминарната листа објавена на 3.9.2021 година на веб страната на Факултетот. Со оглед на тоа се реши како во точка 1 од оваа Одлука.

**Конкурсна комисија на Факултетот**

Претседател – Проф. д-р Мира Јанкуловска с.р.

-проф. д-р Борис Величковски с.р.
-проф. д-р Василка Рендова с.р
-проф. д-р М.Пеева Петреска с.р
-проф. д-р Лидија Кануркова с.р
-проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р
-проф. д-р Маја Пандилова с.р.

Доставено до

-именуваниот/та,
-досие – архива
-веб страна на Факултетот

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ